Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали
БИМ акционерско друштво - Св. Николе
Примено: 29.04.2026

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 133 | | |

До Управниот одбор

За Собрание на акционери за 2026 година

Предмет: Достава на нови предлог точки за дополнување на дневниот ред

Јас, Стојанче Стојанов од Скопје, акционер на БИМ АД Свети Николе кој поседува повеќе од 5% вкупниот број на акции со право на глас, и Претседател на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе, по приемот на оставката на неизвршниот-независен член на Одборот на Директори Тане Бошев, до органот кој го свикува Собранието на друштвото-Управниот одбор на БИМ АД Свети Николе доставувам предлог за вклучување на нови точки во дневниот ред:

1. Одлука за прифаќање на оставка на член на Одборот на директори
2. Одлука за избор на нов неизвршен-независен член на Одборот на директори
3. Донесување на одлука за висина на месечната награда на неизвршниот-независен член на Одборот на директори
4. Одлука за определување на Овластено лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Одлука за прифаќање на оставка на член на Одбор на директори

Земајќи го во предвид фактот дека од страна на независниот-неизвршен член на Одборот на директори г-дин Тане Бошев поднесена е оставка од функцијата независен,неизвршен член на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе, и истиот од лични причини ја поднесува оставката заклучно со 25.05.2026 година, предлагам поднесената оставка да се прифати од страна на Собранието на акционери и да се констатира престанување на мандатот на независниот-неизвршен член на Одборот на сиректори заклучно со 25.05.2026 година.

Во прилог на овој Предлог е и предлог Одлука за прифаќање и констатирање на оставка на член на Одбор на директори

2. Избор на нов член на независен-неизвршен член на Одборот на директори

Со применото писмено известување од неизвршниот-независен член на Одборот на директори г-дин Тане Бошев за поднесување на оставка како неизвршен независен член на Одоборот на директори на БИМ АД Свети Николе, ослободено е местото на неизвршен-независен член на Одборот на директори.

Согласно чл.367 ст.3 од ЗТД е предвидено дека од редот на неизвршните членови на Одоборот на директори се избира независен член на Одборот на директори. Согласно чл.38 од Статутот на БИМ АД Свети Николе управувањето на друштвото е организирано според едностепен систем на управување, и дека Одборот на директори е составен од 4 неизвршни членови и еден извршен член. Од редовите на неизвршните членови на Одоборот на

директори се избира независен-неизвршен член. По поднесената оставка од страна на независниот член на одоборот на директори потребно е да се пополни испразнетото место.

Во прилог на овој Предлог е и предлог Одлука за избор на независен-неизвршен член на Одборот на директори.

3. Донесување на одлука за висина на месечната награда на неизвршниот-независен член на Одборот на директори

Согласно одлука бр.02-254/17 од 21.05.2025 година донесена на одржаното Собрание на акционери во 2025 година донесена е одлука за висината на месечната награда на Неизвршниот-независен член на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе.

Земајќи ја во предвид потребата за рационализација на трошоците, усогласување со пазарните услови и моменталната финансиска состојба на друштвото предлагам да се изврши намалување на месечниот надоместок на неизвршниот-независен член на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе.

Во прилог на овој Предлог е и предлог Одлука за месечна награда на неизвршниот-независен член на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе.

4. Одлука за определување на Овластено лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар

Со предложената одлука за избор на нов член на ОД се јавува потреба за нејзино евидентирање во Централниот регистар на РСМ согласно важечките законски прописи.

Согласно Законот за трговски друштва и Законот за Централен регистар пријавата за упис на промени ја поднесува овластено лице-регистрационен агент. Заради избегнување на евентуални формални недостатоци во постапката, а со цел навремено точно и законито да се поднесе пријавата за упис на промената, регистрациониот агент ќе биде овластен да ја подготви и поднесе целокупната документација во име и за сметка на друштвото.

Од наведените причини, се предлага донесување на Одлука за овластување на регистрационен агент за поднесување на пријава за упис на предметната промена во Централниот регистар, која предлог одлука е во прилог на овој предлог.

Со почит,

Стојанче Стојанов

**Прилог:** Предлог Одлука за нови точки
Извод од ЦДХВ
Фотокопија од документ за лична идентификација

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл. 364 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 26.05.2026 година на донесе следната

ОДЛУКА

Чл.1

Се прифаќа поднесената оставка од независниот-неизвршен член на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе поднесена од г-дин Тане Бошев од Свети Николе.

Чл.2

Мандатот на независниот-неизвршен член на Одборот на директори завршува заклучно со 25.05.2026 година.

Чл.3

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на акционери

на БИМ АД Свети Николе

**ПРЕДЛОГ**

Во согласност со чл.343, член 383 ст.1 т.3 од Законот за трговски друштва и чл.20 од Статутот на БИМ АД Свети Николе, Собранието на акционери на ден 26.05.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА
За избор на неизвршен-независен член на Одборот на директори

Чл.1

Врз основа на чл.364 ст.1 и чл.383 ст.1 т.3 од ЗТД,Собранието избира нов член на Одборот на директори на денот на одржување на годишното Собрание.

Чл.2

Кандидатите за член на Одбор на директори да ги достават сите потребни податоци од чл.344 ст.3 од ЗТД на адреса на Друштвото најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на Собранието.

Чл.3

Податоците од кандидатите за нов член на Одборот на директори да се објават на огласната табла на Друштвото најдоцна 7(седум) дена пред одржување на Собранието.

Чл.4

За член на Одборот на директори во БИМ АД Свети Николе со тајно гласање и избран:

1. ________________________________.

Чл.5

Мандатот на избраниот член на одборот на директори трае до истекот на мандатот на останатите членови сметано од денот на стапување на оваа одлука во сила.

Чл.6

Да се изврши упис на избраниот член на одборот на директори а БИМ АД Свети Николе во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Чл.7

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на акционери
на БИМ АД Свети Николе

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.365 од Законот за трговски друштва и чл.20 од Статутот на Друштвото, Собранието на седницата одржана на ден 26.05.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА
За измена на месечниот надоместок на неизвршен-независен
член на Одборот на директори

Чл.1

Со оваа одлука се врши измена на висината на месечниот надоместок на неизвршен-независен член на Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе.

Чл.2

Неизвршниот-независен член на Одборот на директори за своите активности и учество во работата на Одборот на директори ќе добива месечен нето износ како и останатите членови на Одборот на директори согласно Одлука бр.02-254/18 од 21.05.2025 година.

Чл.3

Претходно утврдениот месечен надоместок согласно Одлука бр.02-254/17 од 21.05.2025 година донесена од Собрание на акционери на БИМ АД Сети Николе престанува да важи со денот на примена на оваа одлука

Чл.4

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, и ќе се применува од 26.05.2026 година.

Претседавач на Собрание на акционери

На БИМ АД Свети Николе

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.344 од ЗТД и чл.20 од Статутот на Друштвото, Собранието на БИМ АД Свети Николе на седницата одржана на ден 26.05.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА
За определување на овластено лице за поднесување
на пријава за упис во Централниот регистар

Чл.1

За лице овластено за поднесување на пријава на упис на промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија се определува Адвокат Гоце Тасков од Свети Николе со седиште на Ул. Вера Циривири бр.1, Свети Николе.

Чл.2

Доколку лицето од чл.1 биде спречено од било кои причини, се овластува Генералниот директор да ополномошти друго лице за поднесување на пријава за упис на промена во Централниот регистар.

Чл.3

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собрание на акционери
на БИМ АД Свети Николе